**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**DENTAL CHAMBER OF MACEDONIA**

ул. Антон Попов бр. 1-4/5 Скопје
(02) 3246 851/852

Бр. 02-223/18
29.03.2019 година

**З А П И С Н И К**

од 6-та седница на Извршниот одбор на СКМ одржана на ден 27.02.2019 година во просториите на Стоматолошка комора на Македонија

На 6-та седница на Извршниот одбор на СКМ, присуствуваа сите членови како и претседатеелот на Надзорен одбор на СКМ д-р Ѓорѓи Топузоски.

Седницата започна во 13.30 часот, а истата ја отвори претседателот на Извршниот одбор на СКМ д-р Мирлинд Селими со читање на предлог-дневниот ред кој без забелешки беше едногласно усвоен и стана дневен ред со следните точки:

**1. Усвојување на записник од 5-та седница на Извршен одбор одржана на ден** 13.12.2018 година

**2. Информација од Статутарна комисија по однос на Комисија за взаемна помош и по однос на Деловникот за работа на суд на честа**

**3. Одлука по однос на префрлање на средства за наменската сметка за фондот за взаемна помош**

**4. Информација за работниот текст за предлог- нацрт на ЗЗЗ**

**5. Информација по однос на формирање на комисии за испитни прашања на СКМ и Комисија за за разгледување на документи за упис во регистар и државен испит**

**6. Информација од председателот на СКМ за предстојната активност на СКМ во однос на Мин.за здравство и ФЗОМ**

**7. Информација од претседателот на СКМ за предстојната меѓународна активност на СКМ**

**8. Разно**

1. По усвојувањто на дневниот ред се премина кон првата точка од истиот односно усвојувањто на записникот од претходната седница на Извршниот одбор на СКМ која се одржа на ден 13.12.2018 година, за кој д-р Оливер Манасиев даде кратка забелешка во однос на корекција на неколку печатни грешки во истиот, по што претседателот на ИО на СКМ го стави на гласање и Записникот од 5-та седница на ИО на СКМ едногласно се усвои.

2. Претседателот на ИО на СКМ, д-р Мирлинд Селими премина кон втората точка од дневниот ред односно Информација од Статутарна Комисија по однос на Комисијата за управување со фонд за взаемна помош и по однос на Деловник за работа на суд на честа, а збор и даде на правничката на Комората која во продолжение истакна дека првично би започнала со Деловникот за работа на суд на честа, за кој како што знаат и самите членови на ИО, на Собраниската седница во Декември месец 2018 година, се направи усогласување на насловот на овој Деловник со Статутот на СКМ односно истиот беше со наслов како Правилник за суд на честа, што не беше во корелација со Стаутот и тоа се исправи. Меѓутоа остана потребата да се направи дополнителна анализа на истиот бидејќи неговата форма и важност е од големо значење. Па поради истото, Статутарната комисија одржаа седница на која во целост го разгледуваа и анализира Деловникот, исправајќи ги на седницата сите технички и печатни грешки, а особено се направи исправка на неколку члена и усогласување со одредбите од Статуот на СКМ како што е член 15 од Деловникот во кој е наведено дека Судот на честа го сочинуваат претседател и најмалку седум члена, што по Статут ее неточно односно во член 41 точка 1 стои дека Судот го сочинуваат претседател и 15 члена. Истотака согласно Статут член 42 точка 6 во истиот член од Деловникот се јави потребата да се дополни дека претседателот на Судот на честа на почетокот на годината утврдува состав на советите на Судот, на кои Собранието на Комората дава согласност. Усогласување имаше и во делот кај мерки кои може да ги предложи Судот на честа, но не во содржината на истите туку и префромулација на зборови, односно кај третата мерка треба да стои како во самиот Статут односно Забрана за учество во работата на органите на Комората.

Во однос пак на Информацијата која што на седницата на ИО требаше да се даде за Комисијата за управување со фонд за взаемна помош, правничката објасни дека Комисијата имаше седница, поради две поднесени барања од докторки. Имено едната со комплетна медицинска документација која ја објаснува состојбата на три операции поради тешки повреди/скршеници во дворот на ординацијата, го поднесе барањето, за кое Комисијата едногласно согласно нивниот Правилник и Деловник за работа одлучија да и помогнат на истата со пружање солидарна помош во износ од 25.000,00 денари како што прецизира Правилникот за управување со овој фонд.

Во однос пак, на другото барање, правничката објасни дека истото е поднесено од страна на докторка чив маж пред неколку месеци починал, но Правилникот не утврдува ваква состојба, односно взаемна помош се пружа и е наменета единствено за членовите на Стоматолошката комора на Македонија, а не и на блиските семејства на членовите. Комисијата за управување со фондот за взаемна помош овој случај го стави под знак прашање, сметајќи дека по истиот единствено би одлучиле доколку на Статутарна комисија се обработи нов член кој би ги опфатил и семејствата на членовите. Статутарна комисија на СКМ по однос на ова прашање одржаа седница и сите членови беа со едногласен став дека треба да остане како што е веќе обработено, односно взаемна помош да се пружа само на членовите на СКМ.

По оваа информација, се отвори кратка дискусија по однос на висината на средствата која се дава на членовите за смртен случај, што остана во иднина да се размисли и дадат насоки на Комисијата во однос на висината на средствата за смртен случај, согласно Правилникот за управување со фондот за взаемна помош.

3. По однос на третата точка од дневниот ред , Одлука по однос на префрлање на средствата од основната на наменската сметка на СКМ, збор зема претседателот на Стоматолошката комора на Македонија, д-р Маријан Денковски кој објасни дека врз основа на пресметката и документацијата од финансискиот сектор на СКМ, во моментот според финансов план согласно кој за фондот за взаемна помош се издвоени 250.000,00 ден. Оваа година до овој момент се исплатени 61.138,00 денари, а веќе на сметката има 146.241,00 ден. Се предлага во овој дел да согласно Статутот се донесе одлука да се префрлат средства на наменската за фондот, со што овие би биле последни средства кои се префрлуваат вака со одлука, затоа што понатаму редовно тие ќе се префрлуваат согласно веќе донесената одлука за овој фонд за взаемна помош, за што се сложија сите членови едногласно и донесоа:

**Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија врз основа на член 28 од Статут на Стоматолошката комора на Македонија на својата седница одржана на 27.02.2019 година ја донесе следната:**

**О Д Л У К А**

**Член 1**

**За префрлање на средства од основната сметка на Стоматолошката комора на Македонија, на наменската сметка за фондот за взаемна помош .**

**Член 2**

**Префрлање на средствата од членот 1 од оваа Одлука се врши согласно пресметката и документацијата од финансискиот сектор на Стоматолошката комора на Македонија**

**Член 3**

**Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.**

4. Се премина кон четвртата точка од дневниот ред, Информација за работниот текст за предлог нацрт на Законот за здравствена заштита, каде информација даде претседателот на Стоматолошката комора на Македонија д-р Денковски, како член на работната група, кој истакна дека како што се знаат и членовите на ИО на СКМ, пратена е до сите нацрт-верзијата на текстот за Законот за здравствена заштита, и факт е дека Стоматолошката комора на Македонија веќе може со гордост да каже дека се започна со измени позитивни за стоматолозите, како што е законската измена излезена и во Службен весник официјално од 30.01.2019 година, согласно која повеќе нема да има хендикеп за докторите стоматолози кои поради тоа што како специјалисти работеа во општи ординации и обратно, не можеа регуларно да си ги обноват лиценците за работа туку мораа да полагаат согласно закон проверка на знаење, е сега во иднина тоа нема да ги спречува во делот на релиценцирање затоа што за истите законот во тој дел се измени и стои дека треба да работат во стоматолошка здравствена заштита, на негово барање му се издава лиценца, што е од огромна важност за колегите. Истотака, д-р Денковски објасни дека следно што е внесено во работниот текст е делот за минималните цени дека е вратено во одлуки на Собрание, што значи Собранието на Комората во иднина треба да го носи тој минимален ценовник, за кое што треба да се изработи Правилник, ценовник и тн. Д-р Денковски информираше дека вратена е и дополнителната дејност, но ние како Комора се планира да се допрецизира за тој дел во самиот закон конкретно за стоматолозите, во делот за критериуми, да можат специјалистите да дојдат во примарна во иднина, со договори меѓу себе. На ова се надоврза д-р Мирлинд Селими кој го праша претседателот на Комората дали доколку цените се во надлежност на Комората, би можело да се влијае на цените со Фондот, на што д-р Денковски објасни дека ценовникот на Фондот по кој се плаќа е по стара номенклатура, што менувањето на таа номенклатура би ја менувало цената на Фондот.

Специјалистите работат по номенклатура од 1992год, примарните работат по комбинација од партиципација и мат.трошок.

Истотака, претседателот на Комората соопшти дека измени има во делот да испитите веќе не се во ингеренција на Министерството за здравство, туку прашањата се во надлежност на Комората, а во иднина нема да се полага три туку два дена.

Д-р Денковски објасни дека работната група продолжува со својата работа најверојатно од наредниот месец Март, а ние и понатаму ќе продолжиме со нашите барања, но до сега сепак Комората е на правилен пат.

5. По информациите во однос на работниот текст за предлог-нацрт на Законот за здравствена заштита, се премина кон петтата точка од дневниот ред, Информација по однос на формирање на комисии за испитни прашања на СКМ и Комисија за разгледување на документи за упис во регистар и државен испит, за кое што д-р Денковски повторно зема збор и им соопшти на членовите на Извршниот одбор на СКМ дека се отворила потребата од формирање на надлежни комисии за разгледување на овие прашања, односно досега во Комората не постоело такво нешто, станува збор за првоспоменатата Комисија од четири члена кои всушност би и помагале на стручната служба во поглед на секое недоразбирање кое би настанало при разгледување на дипломи, документи и сл, а Комисијата со оглед на тоа дека е формирана од членови кои доаѓаат од високообразовни институции во иднина ќе бидат од голема помош во тој дел. Додека пак Комисијата за испитни прашања која е од времен карактер, ќе работи на моменталната база на прашања, имаме добиено и нови прашања од факулетитети, со што се врши анализа и преглед на сите прашања, особено на оние кои имаат двосмислен карактер, или прашања се стари од пред 10 год, а има нови прашања од голема важност и потребата е да се усогласат сите и направи една стабилна база на испитни прашања која во иднина ќе се применува, а за оваа работа формираната времена Комисија започна со забрзано темпо да работи бидејќи им се остави рок за истото.

6. Во однос на шестата точка од дневниот ред, односно Информација од претседателот на СКМ за престојната активност на СКМ во однос на Мининстерството за здравство и ФЗОМ, претседателот на Комората објасни до која фаза е ситуацијата, односно во моментов застанати се преговорите и контактите со државниот секретар.

Во однос пак на Фондот за здравство информација е дека од таму е побарано да се почека да помине месец Февруари, да се почека од СЗО дали би имало од таму некои насоки, а договорено е дека прво ќе се почне од казните, и дали воопшто место на казните е за во договорите или не. Овие преговори би иделе заедно и со другите Комори, односно сите правни сектори на Коморите ќе настапат заеднички во однос прво на казните па потоа за делот со текстот за договорите со што надежта е во тоа да се најдеме на разбирање од страна на Фондот и во овој дел да излезе позитивно за стоматолозите.

7. Претседателот на Комората, д-р Денковски во продолжение се надоврза на седмата точка од дневниот ред, односно престојната меѓународна активност на СКМ и го информираше Извршниот одбор дека во текот на 2019 година се планирани следните настани на кои ќе учествуваат претставници од СКМ и тоа: прво на 08-0 9 ти Март е планирано во хотел Стоун Бриџ да се одржи Вториот политички состанок, понатаму Белград, Србија- како коорганизатори на Конгрес, во Бургас, Бугарија- согласно договор за соработка со БЗС, во Љубљана,Словенија-Конгрес К4, во Франкфурт на Собрание на ERO FDI каде се очекува прием на СКМ во истата асоцијација , потоа на Годишно Собрание на FDI-,,но најголемото признание за Стоматолошката комора на Македонија пристигна деновиве од Брисел, од Европската Комисија за економија и социјала (EESC -European Economic anf Social Committee) која испрати покана до председателот на Комората Д-р Маријан Денковски , како единствен представник од здравствените комори на Западен Балкан , да одржи презентација за значењето на стоматологијата како либерална професија во нашата држава и Западен Балкан , но и за соработката помеѓу стоматолошките Комори во Западен Балкан и да учествува на панел дискусијата на 7-от Форум за цивилното општество на Западена Балкан ( **7th WESTERN BALKANS CIVIL SOCIETY FORUM )** , во Тирана ,од 15-16.04.2019, каде помеѓу другите се поканети и Ms Federica Mogherini, Mr Johannes Hahn, Mr Luca Jahier, Mr Arnold Metzler , Mr Gent Cakaj, Ms Majlinda Bregu , Dr Peter Engel итн .

По кратка дискусија на членови на ИО се донесе одлука дека на сите овие меѓународни активности, СКМ учествува со свои представници при што патните , дневните и трошоците на сместување ќе се на товар на СКМ согласно Одлука , додека пак членовите на ИО во на дополна Одлуката која ја донесоа на предлог на Др Ферати нагласија дека треба да се напомене дека конкретно за FDI-конгресот трошоците за сместување како и било какви дополнителни трошоци ќе паднат на товар на претставникот на Комората, со што ИО на СКМ донесе:

**Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија врз основа на член 28 од Статут на Стоматолошката комора на Македонија на својата седница одржана на 27.02.2019 година ја донесе следната:**

**ОДЛУКА**

**Член 1**

**За покривање на трошоците поврзани со настанот -Втора политичка средба (Second political meeting) која ќе се одржува во хотел Stone Brigde во Скопје, за период од 08.03.2019-10.03.2019 година.**

**Член 2**

**Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.**

8. Под точка разно, д-р Денковски објасни дека за породилното отсуство не е точно дефинирано колку бода да носи во однос на КСУ, бидејќи самиот Правилник по себе тоа не го дефинира точно, со што ИО на СКМ, одлучија да тоа носи 15 бода, со тоа што за секоја година задолжително докторките треба да имаа по минимум еден сертификат, со што на седницата се донесе следната:

**Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија врз основа на член 28 од Статут на Стоматолошката комора на Македонија на својата седница одржана на 27.02.2019 година ја донесе следната:**

**О Д Л У К А**

**Член 1**

**За утврдување на висина на бодови за породилно отсуство на докторките за КСУ - 15 бода, со тоа што задолжително за секоја година треба да има минимум 1 сертификат.**

**Член 2**

**Бодовите од член 1 од оваа Одлука се утврдуваат од причина што Правилникот за КСУ на СКМ не дефинира точен број бодови за породилните отсуства.**

**Член 3**

**Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.**

Во однос пак на токените, односно набавката на дигитални сертификати од КИБС, со оглед на тоа дека во иднина може да се јави разлика која треба да се доплати, Извршниот одбор согласно член 28 точка 15 Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, донесе **Одлука за испочитување на одредби од Договорот за набавка на дигитални сертификати од КИБС бр.03-1532/1 од 28.11.2018 година.**

На крајот на шестата седница на Извршниот одбор на СКМ, д-р Денковски објасни за важноста за давање поддршка на Петер Ангел од Германија во однос на неговата кандидатура за претседател на ФДИ, со што ИО на СКМ ја донесе следната:

**Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија врз основа на член 28 од Статут на Стоматолошката комора на Македонија на својата седница одржана на 27.02.2019 година ја донесе следната:**

**О Д Л У К А**

**Член 1**

**За пружање едногласна поддршка од членовите на Извршниот одбор на Стоматолошката комора на Македонија на Петер Енгел (Peter Engel) за кандидатура за претседател на ФДИ.**

**Член 2**

**Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.**

Со донесување на таа Одлука, претседателот на Извршниот одбор д-р Селими, ја затвори седница во 15.30 часот.

**27.02.2019, Скопје**

Записничар:
М-р по правни науки
**Ана Бошковиќ**

Претседател на Извршен одбор на СКМ
**Д-р Мирлинд Селими**